- Двосменското работење на училиштето негативно влијае на реализација на дополнителната настава особено во предметна бидејќи учениците имаат седми час, а исто така и наставниците, така што се оневозможува преклопување на едните со другите а тоа е предуслов за реализација. Исто така мал дел наставници доставиле докази за реализација на истата. Училиштето не врши анализа од ефектите на дополнителната настава;
- Учениците со посебни потреби често имаат потреба од логопедски услуги, а училиштето нема долготрајно решение за тоа;
- Педагошко психолошката служба не користи инструменти за идентификација на надарени и талентирани ученици;
- Голем број на неоправдани изостаноци кај турските ученици и повторување на година.
- Неприсуство на родителите на родителските средби во турска настава, просек 6 родители од 20.

**Приоритети**

Поголема реализација на дополнителна настава;
Намалување на неоправданите изостаноци кај учениците од ромска и турска националност.
Долгорочно решение за користење на логопедски услуги.
Зголемување на бројот на присутни родители на родителските средби во паралелките со настава на турски јазик.

**Анкета за наставници**

Анкетата ја пополнија 69 наставници, а резултатите од одговорите се прикажани во табелата подолу.

| Тврдење | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Успевам да ги идентификувам учениците со потешкотии | 41 (60%) | 23 (33%) | 2 (3%) | 0 (0%) | 3 (0,04) |
| Успевам да ги идентификувам надарените ученици | 60 (87%) | 5 (7%) | 0 | 0 (0%) | 4 (6%) |
| Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети | 20 (29%) | 35 (51%) | 8 (12%) | 0 (0%) | 0 (0%) |
| На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето) | 65 (94%) | 4 (6%) | 0 (0%) | 0 (0%) | 0 (0%) |

**Анкета за родители**
Анкетата ја попонија 102 родители, а резултатите од одговорите се прикажани во табелата подолу.

| Тврдење | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | 23 (22%) | 66 (65%) | 5 (5%) | 0 (0%) | 8 (%) |
| Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 45 (44%) | 55 (54%) | 2 (2%) | 0 (0%) | 10 (10%) |
| Континуирано сум информиран за редовноста на моето дете | 71 (70%) | 30 (29%) | 1 (1%) | 0 (0%) | 0 (0%) |
| На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додатна настава доколку има потреба за тоа | 8 (8%) | 31(30%) | 38 (37%) | 0 (0%) | 25 (25%) |

**Анкета за ученици**

Анкетата ја пополнија 95 ученици, а резултатите се прикажани во табелата подолу.

| Тврдење | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ немам информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Моите родители/старатели се постојано известени за мојот напредок во училиште | 77 (81%) | 15 (16%) | 3 (3%) | 0 | 0 |
| Наставниците постојано ме поттикнуваат за подобрување на мојот успех | 37 (39%) | 45 (47%) | 10 (11%) | 1 (1%) | 2 (2%) |
| Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците на мое барање организираат дополнителна настава | 18(19%) | 40 (42%) | 32(34%) | 0 | 5 (5%) |
| Доколку не можам да го совладам материјалот наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 61 (64%) | 27 (28%) | 5 (5%) | 1 (1%) | 1 (1%) |
| Доклоку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат дополнителни часови | 54 (57%) | 31 (33%) | 7 (7%) | 0 | 3 (3%) |

**Подрачје 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со стручните соработинции;<br><br>педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето;<br><br>пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање ученички парламент и | **Углед/имиџ на училиштето** | Училиштето во локалната средина е препознатливо по квалитетот на работењето, постигањата на учениците во повеќе области и културата на однесување која е инклузивна, инспиративна,кооперативна во чиј центар секогаш е ученикот и неговата добросостојба. Сето ова не би било возможно без вклученост на сите вработени во училиштето, ученици и родители без разлика на етничката припадност и економскиот и социјалниот статус. Училиштето е препознатливо и по остварувањето на мисијата и визијата, кои наставниците добро ја познаваат. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра |

| | | |
|---|---|---|
| избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | | атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Училиштето е афирмирано во средината во која работи и е доста застапено во локалните, националните и интернационалните медиуми.<br><br>Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивијацијата кај учениците. Сето споменато им овозможува на учениците да го постигнат максимумот во развојот на својата личност. Нашите ученици редовно учествуваат на голем број општински, регионални и државни натпревари на кои освојуваат бројни високи резултати и награди. Земаат учество и на сите манифестации и наградни конкурси, на кои исто така добиваат сертификати, пофалници и награди.Нашите наставници и ученици учествуваат на меѓународни проекти како што е Еразмус+, училишни проекти, проекти финансирани од МОН и други организации. Во спроведување и организирање на еко акции паралелно учествуваат учениците и наставниците со цел унапредување на училишната средина.Училиштето спроведува и воннаставни активности како што се планинарење, со заедничко учество на учениците, родителите и наставниците и настава во природа.<br><br>Училишните простории, холови, училишниот двор и влезот на училиштето во рамките на можностите редовно |

| | | |
|---|---|---|
| | | се чистат, се оплеменуваат со цвеќиња и зимзелени садници и се одржуваат и негуваат. Холот и ходниците во сите објекти се уредени со ученички изработки, дипломи и пехари. Медиумите редовно се известуваат за настаните во училиштето како и учеството на сите настани организирани од страна на општината и државата. |
| | **Кодекс на однесување** | Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество зеле сите структури и истиот е изложен на видно место заедно со куќниот ред. Има кодекси на однесување, учениците родителите и наставниците се запознати со нив и истите се поставени на видно место и редовно се читаат правилата од кодексот . |
| | **Училишна клима** | Училишната клима е една од компонентите на внатрешната училишна структура. Таа преставува секојдневен амбиент во училиштето, којшто е одраз на тоа како во него се чувствуваат и однесуваат наставниците, учениците и другите субјекти во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Уште со самото влегување во училишниот двор се чувствуваме добредојдено. Дворот е убаво уреден со патека за прошетка, клупи и тревник ,летниковец и зимзелени дрвја . Од другата страна исто така дворот е уреден со тревник и два летниковци и новитет од оваа пролет е еко бусот односно стаклената градина во автобус. Одговорноста за планетата е на сите нас подеднакво.Индивиуална одговорност и колективна одговорност се принципите според кои работат училишните тимови.<br><br>Со самото влегување во училишната зграда се чувствуваме дека сите сме дел од училиштето ,сите припагаме тука ,безбедно е, пријатно е во секое катче од училишната зграда. Во холот на училиштето е поставено мотото кое не води секој ден и секој час. Учениците сакаат да одат на училиште, се чувствуваат безбедно, среќно и задоволно. Кај нив постои чувство на припадност и вклученост, емпатија и прифатеност .Свесни се дека нивното мислење се вреднува , нивниот успех се наградува , нивните постигнувања се ценат. Со нивното позитивно однесување придонесуваат за креирање инклузивна клима во училиштето ,градејќи другарство почитувајки се едни мегудруги преку соработка и заемна помош. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде сериозно земено во предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во паралелката .Тоа е овозможено преку работата на одделенската заедница, но и во рамки на самото училиште, преку активностите на Ученичката заедница и Училишниот парламент. На тој |

| | | |
|---|---|---|
| | | начин, учениците преземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата).<br><br>Во насока на позитивна училишна клима спаѓа и грижата на училиштето за безбедноста и здравјето на учениците (систематски, стоматолошки прегледи, вакцина и ревакцина). Училиштето е обезбедено со видео надзор во сите делови од ходниците каде најчесто се движат учениците. За време на малите и големите одмори има по шест дежурни наставници и три хигиеничари,распоредени на приземје и на првиот и вториот кат.<br><br>Училишната клима  и култура се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи на релација „наставник – ученик“, „наставник – родител“ и „ученик – ученик“.Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. |
| | **Поведение и дисциплина во училиштето** | Во училиштето наставниците скојдневно го евидентираат изостанувањето на учениците од настава.<br><br>Стручните соработници прават анализа на редовноста на учениците на секој квартален период. Се утврдуваат причините за изостанувањето, дали се оправдани или неоправдани отсуства. Според евиденцијата на стручните служби се гледа дека во училиштето нема проблеми со одржување на редот и дисциплината, што истовремено е и резултат на соработката со родителите и учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | Учениците се вклучени во работата на училиштето. Имаат програма за работа и се вклучени и во деткиот парламент. Избран е ученик правобранител, за што постојат записници и извештаи и исто така записници и извештаи од вклученоста на учениците во различни иницијативи. Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител активно учествуваат во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, во организирање и учество во хуманитарни активности, еколошки акции, како и учествуво во активности за обезбедување на врсничка поддршка .Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер.  Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици.<br>Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците исто така имаат големи очекувања од самите себе и од другите, имаат аспирации за повисоки постигања<br>Во училиштето функционираат Ученички парламент, кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелката. Ученичкиот парламент го одразува етничкиот состав на учениците во училиштето. Во училиштето има Ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. |
| | | |

| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикоатори | Информации кои се собрани |
| • Педагошка евиденција, структура на паралелките;<br>• Наставни програми и проекти по предметите во кои се изучуваат содржини поврзани со мултикултурализмот;<br>• Анкети со ученици, родители и и наставници;<br>• Програма за работа на стручната служба;<br>• Медицински потврди од разни институции;<br>• Годишна програма за работа на училиштето и годишен статистички извештај;<br>• Извештаи за реализирани активности поврзани со проектот за меѓуетничка интеграција | **Познавање и почитување на правата на децата** | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Исто така и учениците ги знаат своите права поттикнати и поддржани од наставниот кадар и стручната служба кои секогаш ги заштитуваат учениците доколку нивните права се нарушени или загрозени. За време на одделенските часови, преку разни трибини, а исто и на состаноците на Детската организација и оние на Училишната заедница кои се одржуваат, учениците се информираат за своите права и обврски. На средбите со родителите исто така се дискутира за правата и обврските на децата и родителите постојано се информираат за огромните напори кои наставниот кадар ги вложува, а истовремено се бара и соработка од родителите за учениците кои во целост не ги завршуваат своите обврски.<br><br>Доколку се појават случаи каде се прекршуваат правата на децата нашето училиште е подготвено за соработка со надлежните институции. Наставниците од I до IX одделение користејќи ги редовно содржините од наставните програми на извонреден и суптилен начин ја промовираат еднаквоста и правичноста како вредности кон кои сите треба да се стремиме. |
| | **Еднаков и правичен** | Училиштето не само што настојува туку и успева во својата цел да има еднаков и правичен третман кон |

| | | |
|---|---|---|
| | **третман на сите Ученици** | своите ученици.Без оглед на етничката припадност, социјалната структура, без разлика на полот  учениците подеднакво учествуваат во наставните и вонннаставните активности според нивните способности, афинитети, можности и вештини. Значи сите ученици без разлика на возраста, полот,социјалниот статус, етничка припадност ,религија уживаат еднакви права. Вработените во училиштето еднакво се однесуваат кон сите ученици, како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата, но и во воннаставните активности. Наставниците и стручната служба  истовремено и стручно се усовршуваат за работа со децата со посебни потреби ,па така инклузијата на децата со посебни потреби во потполност е успешна во училиштето.<br><br>За учениците со посебни потреби одделенските и предметните наставници изработуваат индивидуални образовни планирања кои се приложени како дел од глобалните,тематските и сценаријата за час. На часовите се изведува индивидуална настава со учениците.<br><br>Праведноста исто така  се запазува и се создава со објективно и транспарентно оценување. Успешното оценување на ниво на училиште се должи и на посета на семинари за формативно,сумативно оценување,етички кодекс при оценувањето, а стандардите за оценување на учениците наставниците ги приложуваат со годишните програми и планирања. Стручните служби реализирајки ги своите планирања и програми им помагаат на учениците да ги препознаат и да се справат со евентуална дискриминација во училиштето а и надвор од |

| | | |
|---|---|---|
| | | него.Во училиштето се почитуваат половите разлики, социјалното и културното потекло. Во нашето училиште постојано се води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурата.<br><br>Иако училиштето е двојазично со најголем број ученици од македонаска и турска националност има значаен број ученици со различно етничко потекло. Процесот на унапредување на меѓуетничката интеграција има значајни резултати бидејки односот помеѓу учениците и наставниците со различна националност е исполнет со топлеранција, почит и разбирање.Се става акцент на мултикултурните разлики за да се научи нешто ново и за да се зближат учениците меѓусебе. Учениците истражуваат едни за други и така го промовираат разбирањето и прифаќањето на различностите меѓу нас.<br><br>Во ООУ Крсте Петков Мисирков учат вкупно 1134 ученици распоредени во 60 паралелки.Вкупно 531 ученик наставата ја следат на македонски јазик, а 603 на турски наставен јазик. Од вкупниот број ученици 590 се момчиња и 544 девојчиња. Од нив 535 се Македонци (277 момчиња и 258 девојчиња) - 599 Турци (313 момчиња и 286 девојчиња)<br><br>Наставата ја реализираат 83 наставника . Од вкупниот број наставници 57 се Македонци 26 Турци.<br><br>Во нашето училиште наставата се реализира на македонски и турски наставен јазик, постои добра меѓуетничка соработка. Учениците а и вработените се вклучени во промовирање и прифаќање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | мултикултурно општество. Училиштето е вклучено во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција МИО веке повеке години па така на оваа поле нижи низа успешни активности.<br><br>Тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција учествува во сите активности, посетува семинари, врши десиминација во училиштето, организира и учествува во работилници и средби.Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон оние што се „различни“ од нас. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| • Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор<br>• Записници за родителски средби на ниво на паралелки<br>• Анкети со родители за изборен предмет, екскурзии, ученички натпревари<br>• Документација за добиени спонзорства и донации<br>• Организирање на трибини, дебати, предавња на родителите на учениците од IX | **Соработка на училиштето со родителите/ старателите** | _Училиштето превзема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата. Секогаш е отворено за соработка и на почетокот на учебната година родителите се запознаваат околу тоа каде може да ја добијат потребната помош во врска со проблемите на кои наидуваат нивните деца во училиштето преку одделенските наставници, одделенските раководители и стручната служба. За време на наставата училиштето организира најмалку четири родителски средби кога родителите детално се запознаваат со постигнувањата на нивните деца и воедно добиваат насоки за подобрување. - Но, во зависност од потребите може да |

| | | |
|---|---|---|
| одд. -разгледување на конкурси за запишување<br>• Организирање на забавна полуматурска вечер | | се закаже и дополнителна родителска средба каде ќе се решаваат актуелните проблеми.<br><br>Согласно со законот за основно образование во училиштето има формирано тело Совет на родители во кој членуваат родители, претходно избрани на родителски средби, преку кои се афирмира и збогатува севкупното функционирање на училиштето. Исто така тројца од родителите се членови во највисокиот орган на управување - Училишен одбор. Родителите се вклучени во повеќе важни одлуки кога тоа се однесува на интересот на учениците. Исто така, родителите одлучуваат за наставните екскурзии и одбираат на кој начин таа ќе се реализира во однос на превоз и сместување. Родителите се вклучуваат во подготовките на училишните претстави со свои идеи, кореографии и костимографии. Родителите се поттикнувани постојано да учествуваат во едукативните работилници и предавања организирани од страна на училиштето, а се однесуваат на личната безбедност и заштита на учениците.<br><br>Родителите на учениците со посебни образовни потреби имаат можност целосно да се вклучат во образовниот процес на нивните деца. Сите родители имаат можност целосно да се вклучат во работата и животот на училиштето да даваат свои сугестии, предлози, насоки и идеи. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | Освен со родителите училиштето секојдневно соработува и со локалната заедница, која е постојано вклучена при реализација на одредени заеднички проекти, одредени активности организирани како на локално така и на државно ниво. Локалната заедница учествува во подобрување на условите за работа којшто се одразуваат на подобрување на квалитетот на работа но и за подобрување на постигањата на учениците. Се организираат посети на фирми со ученици.<br><br>При реализација на одредени активности, наставни и вон наставни, училиштето има постојана соработка со деловни субјекти на локално ниво и пошироко. Соработката е во вид на посети и давање на информации за процесот на работа, добивање помош во вид на наставни средства и помагала, совети и сугестии и сл. Бидејќи имаме подрачни училишта во рурална средина, постојано имаме соработка и помош од одредени субјекти кои вршат транспорт на учениците и транспорт по потреба за транспортирање на ученици при евентуални натпревари, посета на одредени места и сл.<br><br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор.<br><br>Исто така успешна соработка има со МЦГ за проектот МИО. Соработка со БРО – ДИСО проект и Личен развој од 2022 година. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документацијата; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација. | **Превенција и заштита од насилство** | Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Наставниот кадар и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. За време на одделенските часови, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, се вложуваат огромни напори учениците да се информираат за своите права и обврски.На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски. Училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави. Наставниците од I до IX одделение редовно ги користат содржините од наставните програми за да ги промовираат на суптилен начин еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. |
| | **Заштита од пушење, алкохол и дрога** | Во училиштето има истакнато знаци на видни места за забрана на пушење и често се спроведуваат работилници за превенција од цигари, алкохол и дрога и од стручните служби во училиштето и од надворешни организации како Центар за јавно здравје, Црвен крст, невладини организации и др. |
| | **Квалитет на достапна храна** | Учениците имаат постојано предавања за здравата храна и исто така имаат практични наставни и воннаставни активности за начинот на исхрана, за тоа како правилно да засадуваат и одгледуваат растенија и како здраво да се хранат. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Хигиена и заштита од болести** | Учениците имаат практични и стручни предавања од институции, невладини организации, Центар за јавно здравје и акредитирани организации во врска со хигиената и одржувањето на здравјето како и заштита од болести. |
| | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | Во насока на позитивна училишна клима спаѓа и грижата на училиштето за безбедноста и здравјето на учениците (систематски, стоматолошки прегледи, вакцина и ревакцина). Училиштето е обезбедено со видео надзор во сите делови од ходниците каде најчесто се движат учениците. За време на малите и големите одмори има по шест дежурни наставници и три хигиеничари,распоредени на приземје и на првиот и вториот кат.Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди; |
| | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | За овие ученици, се организираат два пати во текот на годината хуманитарни акции во септември(кога се донира училишен прибор) и во декември(се донираат новогодишни пакетчиња). Исто така во соработка со туристичките агенции се обезбедува попуст или гратис патувања и викенди за учениците од социјално загрозените семејства како и гратиси или попусти за посети на театри, музеи, кина, културно историски споменици и др. |
| | **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Наставата за овие ученици се реализира во договор со наставникот. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците** | Учениците секогаш кога имаат потреба се обраќаат до стручната служба во ситуации кога имаат проблем, училиштето спроведува активности за социо емоционално учење кое има за цел да обезбеди подеднаква застапеност на содржини за социо-емоционален развој во училишните програми како што се застапени содржини за развој на когнитивните вештини и писменоста. На децата им се потребни социо-емоционалните способности подеднакво колку и когнитивните бидејќи тие овозможуваат да бидат фокусирани на активностите, да се мотивирани, да соработуваат со наставникот и да се слагаат со другарчињата во одделението. |
| | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | Од страна на стручната служба во училиштето во месец мај се спроведуваат анкети за професионална ориентација на учениците, им се објаснува на учениците во кое средно училиште колку поени се потребни за упис, како да си ги преначунаат поените, се разговара со учениците и со родителите.По претходно барање од средните училишта, им се овозможува директна средба со професори од училиштата кои вршат презентација на своите училишта, со струките и занимањата кои постојат во нив, условите за запишување, можностите за напредување и идно вработување.Училиштето во своите простории овозможува и презентации од страна на средните училишта, дистрибуција на флаери до учениците и родителите, пуштање на ЦД материјал за условите кои ги нудат средните училишта, во соработка со локалните средни училишта Стручната служба во училиштето работи на професионалното информирање и ориентирање на учениците преку едукација за избор на струка и училиште во кое ќе го продолжат своето средно образование. Исто така за професионалното информирање и ориентирање на учениците од деветто одд. преку организирани заеднички родителски |

| | | |
|---|---|---|
| | | предавања на родителите на учениците од деветто одд., се врши нивно информирање и запознавање со мрежата на средни училишта кои постојат во градот и во некои други места од државата. |

| **Собирање на податоци ; Кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања, разговор, интервју и сл.)** | | |
|---|---|---|
| **Анкета за родители** | | |
| Други методи кои се користени за собирање податоци | Резултати од спроведени анкети | Кои информации се собрани? |
| **Анкета на родители** | Анкетирани се вкупно 60 родители од кои 40 македонци и 20 турци | На прашањето:<br>***1.*** *Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето.*<br>4 -целосно се согласувам 33<br>3 -се согласуваам 22<br>2 - не се согласуваам<br>1 - целосно не се соглаасуваам 0<br>0 -не знам, немам информација 3<br>**2.** *Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување.*<br>Одговориле со 4, 15 родители, со 3, 36 родители, со 2, 15 родители, со 0, 11 родители<br>***3.*** *Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците*<br>Одговориле со 4, 28 родители, со 3, 17 родители, со 2, 13- родители, со 1, одговориле 3 родители<br>***4.*** *Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците*<br>Одговориле со 4, 29 родители, со 3, 15 родители, со 2, 11 родители, со 1, 4 родители |

| | | |
|---|---|---|
| | | **5.** *Моето дете сака да оди на училиште*<br>Одговориле со 4, 28 родители, со 3, 16 родители, со 2, 14 родители, со 1, 2 родитела<br>***6.*** *Училиштето добро се справува со дисциплината*<br>Одговориле со 4, 20 родители, со 3,18 родители, со 2, 2 родители, со 1, 2 родитела, со 0 одговориле 8 родитела<br>***7.*** *Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето*<br>Одговориле со 4, 23 родитела, со 3, 18 родитела, со 2, 11 родитела, со 1, 2 родитела, со 0, 4 родители<br>***8.*** *Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици*<br>Одговориле со 4, 30 родители, со 3, 11 родители, со 2, 13 родители, со 1,5 родители, со 0, 1 родител<br>***9.*** *Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици*<br>Одговориле со 4, 38 родители, со 3, 2 родители, со 2, 16 родители, со 1, 18 родители, со 0, 1 родител<br>***10.****Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.*<br>Одговориле со 4, 28 родители, со 3, 16 родители, со 2, 14 родители, со 1, 2 родители, со 0, 0 родители<br>***11.****Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците*<br>Одговориле со 4, 25 родители, со 3, 25 родители, со 2, 1 родител, со 1, 3 родители, со 0, 1 родител<br>***12.*** *Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето*<br>Одговориле со 4,19 родители, со 3, 23 родители, со 2, 12 родители, со 1, 0 родители, со 0, 6 родители |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***13.*** *Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство*<br>Одговориле со 4, 16 родители, со 3, 31 родители, со 2, 7 родители, со 1, 0 родители, со 0, 6 родители<br>***14.*** *Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти*<br>Одговориле со 4, 17 родители, со 3, 33 родители , со 2, 5 родители, со 1, 0 родители, со 0, 5 родители<br>***15.****Училиштето добро се справува при појава на насилство*<br>Одговориле со 4,17 родители, со 3, 33 родители, со 2, 5 родители, со 1, 2 родители, со 0, 3 родители<br>***16.*** *Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога*<br>Одговориле со 4, 16 родители, со 3, 34 родители, со 2, 7 родители, со 1, 0 родители, со 0, 3 родители<br>***17.****Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете*<br>Одговориле со 4, 15 родители, со 3, 23 родители, со 2, 14 родители, со 1, 6 родители, со 0, 2родители<br>***18.*** *Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете*<br>Одговориле со 4, 22 родители, со 3, 22 родители, со 2, 11 родители, со 1, 0 родители, со 0,5 родители<br>***19.****Хигиената во училиштето е на високо ниво*<br>Одговориле со 4, 21 родител, со 3, 21 родители, со 2, 12 родители, со 1, 5 родители, со 0, 1 родители<br>***20.*** *Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците*<br>Одговориле со 4, 20 родители, со 3, 20 родители, со 2, 9 родители, со 1, 1 родители, со 0 ,14 родители |
| | | |

| Анкета за ученици | | |
| --- | --- | --- |
| Други методи кои се користени за собирање<br>податоци | Резултати од спроведени анкети | Кои информации се собрани? |
| Анкета за ученици | Од спроведената анкета на вкупно 40 анкетирани ученици | На прашањето:<br>***1.*** *Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.*<br>Одговориле со 4, 16 ученици, со 3, 12 ученици, со 2, 12 ученици, со 1, 0ученици, со 0, 0 ученици<br>***2.*** *Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.*<br>Одговориле со 4, 20 ученици, со 3, 9 ученици, со 2, 9 ученици, со 1, 2 ученици, со 0, 0 ученици<br>***3.*** *Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците*<br>Одговориле со 4, 22 ученици, со 3, 6 ученици, со 2, 8 ученици, со 1, 5 ученици, со 0, 0 ученици<br>***4.*** *Сакам да одам на училиште*<br>Одговориле со 4, 17 ученици, со 3, 8 ученици, со 2, 10 ученици, со 1, 0 ученици, со 0, 0 ученици<br>***5.*** *Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми*<br>Одговориле со 4, 18 ученици, со 3, 8 ученици, со 2, 11 ученици, со 1, 1 ученици, со 0, 2 ученици<br>***6.*** *Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме*<br>Одговориле со 4,15 ученици, со 3, 12 ученици, со 2, 10 ученици, со 1, 0 ученици, со 0, 0 ученици<br>***7.*** *Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.*<br>Одговориле со 4, 19 ученици, со 3, 9 ученици, со 2, 2 ученици, со 1, 9 ученици, со 0, 0 ученици<br>***8.*** *Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици* |

| | | |
|---|---|---|
| | | Одговориле со 4, 21 ученици, со 3, 5 ученици, со 2, 5 ученици, со 1, 2 ученици, со 0, 0 ученици<br>***9.*** *Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици*<br>Одговориле со 4, 19 ученици, со 3, 11 ученици, со 2, 7 ученици, со 1, 1 ученици, со 0, 0 ученици<br>***10.*** *Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици*<br>Одговориле со 4, 28 ученици, со 3, 9 ученици, со 2, 1 ученици, со 1, 0 ученици, со 0, 0 ученици<br>***11.*** *Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето*.<br>Одговориле со 4, 16 ученици, со 3, 21 ученици, со 2, 1 ученици, со 1, 0 ученици, со 0 ,0 ученици<br>***12.*** *Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права*<br>Одговориле со 4, 20 ученици, со 3, 11 ученици, со 2, 7 ученици, со 1,0 ученици, со 0, 2 ученици<br>***13.*** *Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник*<br>Одговориле со 4, 25 ученици, со 3, 11 ученици, со 2, 0 ученици, со 1, 0 ученици, со 0, 2 ученици<br>***14.*** *Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето*<br>Одговориле со 4, 18 ученици, со 3, 14 ученици, со 2, 7 ученици, со 1, 0 ученици, со 0, 1 ученици<br>***15.*** *Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем*<br>Одговориле со 4, 20 ученици, со 3, 11 ученици, со 2, 9 ученици, со 1, 0 ученици, со 0, 1 ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***16.****<u>Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето</u>*<br>Одговориле со 4, 20 ученици, со 3, 6 ученици, со 2, 10 ученици, со 1,1 ученици, со 0, 2 ученици<br>***17.****<u>Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство</u>*<br>Одговориле со 4,18 ученици, со 3, 9 ученици, со 2, 10 ученици, со 1, 1 ученици, со 0, 1 ученици<br>***18.*** *<u>Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.</u>*<br>Одговориле со 4, 12 ученици, со 3, 7 ученици, со 2, 8 ученици, со 1, 8 ученици, со 0, 1 ученици<br>***19.****<u>Училиштето е чисто и уредно</u>*<br>Одговориле со 4,10 ученици, со 3, 14 ученици, со 2, 7 ученици, со 1, 9 ученици, со 0, 0 ученици<br>*<u>20. Дали некој несоодветно се однесувал кон тебе на училиште (обележи) ___________</u>*<br>Со Да одговориле 4, а со Не одговориле 14 ученика. |
| **Анкета за наставници** | | |
| Други методи кои се користени за собирање податоци | Резултати од спроведени анкети | Кои информации се собрани? |
| Анкета со наставници | **Од спроведената анкета на вкупно 40 анкетирани наставници** | *1. <u>Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*2. <u>Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување</u>* |

| | | |
|---|---|---|
| | | Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*3. <u>Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*4. <u>За време на моите часови има добра работна атмосфера</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2,наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*5. <u>Добро соработувам со колегите во училиштето</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*6. <u>Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти</u>*<br><br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*7. <u>Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*8. <u>Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес</u>*<br>Одговориле со 4, наставници , со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*9. <u>Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата</u>*<br>Одговориле со 4, наставници , со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>10. *<u>На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето</u>* Одговориле со |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*11.<u>Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*12.<u>Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*13.<u>Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*14. <u>Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*15.<u>Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*16.<u>Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници<br>*17. <u>Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите</u>*<br>Одговориле со 4, наставници, со 3 наставници, со 2, наставници, со 1, наставници со 0, наставници |
| | | |

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има стекнато имиџ на добро училиште, препознатливо по квалитетот на работењето, кое ужива углед во пошироката заедница и кое се стреми во остварување на својата мисија и визија. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Преку користење на современи методи, форми и техники, наставниот кадар им овозможува на учениците да го постигнат максимумот во развојот на својата личност.Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер и нивните успеси се промовираат во медиуми и културни манифестации.

Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анлизира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците ги применуваат сите стандарди при оценување на учениците, почитувајќи го и кодексот за оценување на постигањата на учениците. Талентираните и надарените ученици редовно се испраќаат да учествуваат на натпревари и постигнуваат високи резултати. Нашето училиште изготвува посебни наставни програми и планови за учениците со посебни образовни потреби. Заради подобрување на постигањата на учениците редовно се изведува дополнителна и додатана настава и се следи напредокот од еден во друг образовен циклус.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години

Нашето училиштето има усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители) , кој е изложен на видно место заедно со куќниот ред.

Училиштето се грижи за здравјето на учениците и за нивната безбедност, ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално

потекло , ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

***Силни страни***

- Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;
- Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;
- Соработката со родителите е на завидно ниво;
- Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикулурализмот ;
- Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите.
- Училишниот простор и инфраструктура се безбедни за изведување на наставата. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди;
- Во училиштето се негува хуманоста и солидарната помош кон ученици од социјално загрозени семејства.
- Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, МВР, медиуми, други училишта итн.
- Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик- наставник- психолог- директор-и останатите вработени
- Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа при реализирање на разни културни, спортски и други активности;
- Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, преку пристапна рампа;
- Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош;
- Се води грижа за усмерување на учениците за правилен избор на понатамошно образование – професионален развој на учениците.
- Талентираните и надарените ученици учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати.
- Училиштето соработува со родителите и им дава повратни информации за постигањата и дисциплината на нивните деца.
- Во текот на целата учебна година нашите ученици се вклучени во заеднички проекти,наставни и вонnаставни активности(културни и спортски) во соработка со локалната заедница.Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.

- Локалната зедница преку разни донации придонесува во подобрување на инфраструктурата на училиштето.
- Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини,предавања,работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени.
- Постои соработка со деловната заедница и невладиниот сектор.

***Слаби страни***

- Отежнатиот пристап на учениците со физички хендикеп за кабинетите на третиот спрат.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Продложување на соработката со локалната заедница со акцент на културните активности
- Редовно информирање на сите вработени во училиштето за одлуките донесени на Советот на родители и Училишниот одбор
- Спроведување на активности поврзани со проекти предвидени од МОН .

**Подрачје 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| **Индикатори за подрачјето** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br><br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и матерijлите во училиштето; осовремување и подобрување на | **Управување со училиштето** | Со училиштето управува Училишниот одбор кој е конституиран согласно законската регулатива. Членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител. Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на задоволително ниво. Училишниот одбор во интерес на спроведување на развојната програма на училиштето континуирано ја следи и работата на раководниот орган и вработените, поддржува и следи професионален развој на наставниците, ги следи резултатите и напредокот на учениците, нивното здравје и детски права, поддржува осовремување и подобрување на работните услови, како и континуирано интезивира соработка со телата на училиштето и општествената заедница. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Раководење со училиштето** | Врз основа на Законот за основно образование чл. 109 став 1 Орган на раководење во основното училиште е директорот. Директор на ООУ„Крсте Петков Мисирков“ Радовиш е Гордана Здравкоска.<br>Училиштето има јасно утврдени мисија и визија.<br>**Мисијата** на нашето училиште е да го поттикнеме и обезбедиме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, самоевалуација и самокритичност;<br>Да ја развиеме свеста за почитување на меѓусебните права и размислувања;<br>Да го негуваме меѓусебното разбирање и почитување;<br>Да работиме на високи етички стандарди, користејќи современа образовна технологија и поттикнувајќи доверба и почитување на начин што заслужува доверба од нашите ученици и нивните родители, нашите вработени.<br>**Визијата** на нашето училиште е да создадеме безбедна, хармонична и дисциплинирана средина во која учениците ќе бидат задоволни, затоа што нашето училиште нуди современа, ефикасна и квалитетна настава прилагодена на потребите и интересите на учениците, наставниците, локалната заедница и државата.<br>Училиштето има изготвено Развојна програма во која се планирани целите и визијата за развој на училиштето во период од четири години од учебна2024 до учебна 2028 година, со наведени активности на училиштето согласно стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежни институции.<br>Директорот донесува одговорни одлуки.<br>Директоротеодговорен за законитоста во работата и за материјално- финансискотоработење на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето. Директорот ги врши сите работи пропишанивозаконот за Основно образование. |
| | **Управување и раководење со ресурсите** | Го следи наменското трошење на средствата во согласностсоодобрениот буџет на училиштето. Буџетот го користи за различницелифокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и развојот научилиштето во целина. Постапките за финансиското работење штогиспроведува се во согласност со законските акти. Обезбедува навременоисполнување на деловните обврски. Јавните набавки ги врши согласно законот. . Континуирано ја следи законитоста во финансиското работење. |
| | **Раководење со кадарот** | Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници, но дел и несоодветен поради недостаток на наставен кадар. Таква е ситуацијата во наставата на турски наставен јазик каде што дел од наставниците се несоодветни. Програмата за професионален развој на наставниците и стручнитесоработници е изготвена врз основа на нивните лични планови. Директорот јапочитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. |
| | **Следење и унапредување на наставниот процес** | Училиштето располага со наставници по сите наставни предмети, а често и наставници од другите општински училишта дополнуваат часови во нашето. Сите наставници ги извршуваат своите работни задачи според прописите и редовно. Сите отсуства кои се направени во оваа година се од |

| | | |
|---|---|---|
| | | оправдани причини - заради боледувања, посета на семинари, учества на натпревари,  и сл. Директорот е редовно информиран за секое отсуство на било кој наставник и по потреба применува мерки за промена на распоред или замена за непречено одвивање на наставата. Работата на наставниците се следи преку: - посета на часови од страна на директорот. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето. | **Процедури за креирање на училишната политика** | Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниоткадар, родителите, учениците, основачот Општина Радовиш– секторот заобразование, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Во креирањето на политиката на училиштето е вклучена и грижата за здравјето на учениците преку разновидни активности зацртани во наведените документи. На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културно уметнички, историски, еколошки, спортски активности, собирни акции и сл. |
| | **Резултати од развојно планирање** | Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирании во Годишните програми заработа на училиштето. Во процесот на самоевалуација се вклучени сите наставници. Самоевалуацијата и Развојниотплан се |

| | | |
|---|---|---|
| | | изработуваат согласно Законските и статутарните одредби. |
| | **Планирање и управување со училишниот буџет** | Директорот на училштето обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Училишниот одбор донесува Годишен план и го разгледува Годишниот извештај за финансиското работење на училиштето. Директорот на училиштето обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. Во врска со јавните набавки во училиштето има училишна комисија за јавни набавки. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Управувањето со ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш е организирано, структуирано и усогласено со сите релевантни законски акти и нормативи. Статутот и правилниците на училиштето овозможуваат јасна распределба на надлежности и задачи помеѓу сите вклучени страни, обезбедувајќи функционална и ефективна организација.<br>Раководниот кадар ја спроведува својата работа одговорно, транспарентно и инклузивно. Спроведуваме редовна евалуација на перформансите на раководниот тим, додека професионалниот развој на истиот се поттикнува преку обуки и консултации. Внатрешната комуникација е систематизирана преку интерни протоколи и одлуки кои ја олеснуваат соработката помеѓу тимовите.<br>Училиштето има развиен и ефикасен систем за управување со човечки и материјални ресурси. Финансиското работење се води транспарентно, со редовна ревизија, што овозможува оптимално користење на буџетските средства за подобрување на наставниот процес, инфраструктурата и опремата. |

Професионалниот развој на наставниот кадар е висок приоритет. Се реализираат обуки и семинари согласно годишните планови, а процесот на оценување на наставниците е транспарентен, со цел унапредување на квалитетот на наставата.
Континуирано се следи напредокот на учениците преку систематска евалуација на наставните активности. Повратните информации од учениците и родителите покажуваат високо ниво на задоволство од квалитетот на наставата, пристапот на наставниците и безбедноста во училиштето.
Политиките на училиштето се креираат на демократски начин, со активно учество на Советот на родители, училишниот одбор и други заинтересирани страни. Развојното планирање е долгорочно и резултатите покажуваат постојано унапредување во клучните образовни и управувачки области.

**Силни страни**

- Јасна структура на организацијата и дефинирани одговорности.
- Долгорочна визија и ефективни стратегиски планови.
- Континуирано вложување во професионалниот развој на наставниците и раководниот кадар.
- Транспарентно и одговорно финансиско управување.
- Систематска евалуација на наставниот процес и напредокот на учениците.
- Позитивна клима во училиштето – учениците и родителите изразуваат доверба и задоволство.
- Активно вклучување на сите засегнати страни во донесувањето одлуки.
- Безбедна и поддржувачка средина за учење.
- Организација на активности кои ги стимулираат интересите и социјалниот развој на учениците.
- Грижа за добробитот и академскиот развој на секој ученик.

**Слаби страни**

- Ограничени материјални ресурси и опрема за наставниот процес.
- Потреба од подобрување на комуникацијата со учениците во процесите на носење одлуки.
- Неопходност од појасно информирање за политиките и правилата на училиштето до сите страни.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Подобрување на инфраструктурата и техничката опременост на училиштето.
- Поттикнување на активно учество на учениците во донесувањето одлуки.
- Развивање на комуникациски канали за подобра информираност на учениците и родителите.

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации (се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

Резултати од спроведената анкета за родителите, каде го изразуваат своето гледиште и мислење во врска со менаџментот и раководењето на училиштето

**Легенда на прашалникот**

**4- целосно се согласувам , 3 – се согласувам , 2 – не се согласувам, 1 – целосно не се согласувам, 0 – не знам**

| | **Прашање** | **4** | **3** | **2** | **1** | **0** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Училиштето нуди избор на различни вонниставни активности (клубови, проекти..) | 16 | 37 | 7 | 2 | 2 |
| 2 | Запознаен/а сум со кодексот на однесување и облекување во училиштето | 44 | 16 | 2 | 0 | 1 |
| 3 | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се поитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | 23 | 26 | 7 | 3 | 3 |
| 4 | Информиран/а сум од стана на претставникот на Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | 35 | 21 | 5 | 0 | 2 |
| 5 | Училишниот совет транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | 27 | 19 | 4 | 6 | 5 |
| 6 | Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 14 | 12 | 10 | 9 | 17 |

**Анализа на анкетата со родителите**

Анкетата спроведена во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш со родителите имаше за цел да ги истражи нивните ставови и перцепции за клучните аспекти на училишното управување и раководење. Преку оваа самоевалуација, училиштето ги добива потребните повратни информации со цел подобрување на воспитно-образовниот процес, транспарентноста и комуникацијата со семејствата на учениците.

Квалитативна анализа

Од анализата на добиените резултати може да се забележи дека постои високо ниво на информираност и задоволство кај родителите во однос на повеќе аспекти од управувањето со училиштето. На пример, најголем дел од испитаниците (44) се целосно согласуваат дека се запознаени со кодексот за однесување и облекување, што говори за ефикасна комуникација и транспарентност.

Исто така, повеќе од половина од родителите потврдиле дека се информирани од страна на Советот на родители за целите и приоритетите во работата на училиштето. Ова укажува на добро поставена хиерархија на известување.

Сепак, загрижувачки е податокот дека дури 17 испитаници изјавиле дека не знаат како се троши буџетот на училиштето, што укажува на потреба за поголема финансиска транспарентност. Дополнително, одговорите на прашањето за транспарентноста на Училишниот совет покажуваат одредена доза на недоверба или недоволна информираност кај дел од родителите.

Интересно е што и покрај тоа што училиштето нуди различни вонnаставни активности, дел од родителите (9) не се согласуваат или не знаат за тие активности. Ова е можност за училиштето да ја зголеми видливоста на ваквите програми.

Во однос на вклученоста на родителите во носењето на одлуки, околу половина се согласуваат дека нивните мислења се земаат предвид, што е добар почетен показател, но истовремено сигнал дека има простор за поголемо вклучување и почитување на родителскиот глас.

## Графички приказ на резултатите




Слика 1: Стапки на одговори на секое прашање според скалата на согласност.

Препораки за унапредување на училиштето според мислењата на родителите

1. Подобрување на транспарентноста за буџетот и финансиските одлуки

Организирање на квартални презентации или состаноци со Советот на родители за да се презентира начинот на трошење на буџетските средства.

Креирање на инфографики или брошури со најважните буџетски информации и нивно објавување на огласната табла и веб-страницата.

2. Зголемување на видливоста и достапноста на воннаставните активности

Редовно информирање на родителите преку месечни билтени, Viber групи или родителски средби за тековните и идните воннаставни активности.

Вклучување на родителите како ментори или гости на креативни работилници и училишни настани.

3. Јакнење на учеството на родителите во носење одлуки
Поттикнување на активна дискусија на родителски состаноци и собирање на предлози преку анонимни анкети или кутии за предлози.
Вклучување на родителите во тематски комисии за развојни прашања како безбедност, здрава исхрана, или воспитна политика.

4. Промовирање на улогата и активностите на Училишниот совет
Објавување на кратки извештаи и одлуки од состаноците на Училишниот совет на огласни табли и во дигитална форма.
Организирање на “отворени денови” каде членовите на Советот ќе се запознаат со родителите и ќе слушнат нивни идеи и грижи.

5. Континуирана едукација и информирање за правилниците и кодексите
Подготовка на прегледен, визуелен водич за кодексот на облекување и однесување што ќе им се достави на родителите при почеток на учебната година.
Спроведување на кратки едукативни сесии на тема права и одговорности во училишната заедница.

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ Радовиш период 2025/2027година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ ________________ година) Општинското основно училиште „Крсте Петков Мисирков“ Радовиш изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од _________ година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на ______________ година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Директор Гордана Здравкоска, Татјана Митева-психолог, Магдалена Коцева – предметен наставник, Зорка Христова Трајкова – наставник ментор, Билјана Ѓоргиева – одделенски наставник, Даниела Ѓоргиева – родител.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од февруари до март 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | **Зорка Христова Трајкова**, Билјана Соколова, Виолета Бехлимова, ЈилмазШерифов, Светлана Василева, Верица С. Исаиловска, Хулија Али, Блаже Ангелов |
| 2. Постгнување на учениците | **Татјана Митева,** Јулија Ефтимова, Татјана Ѓозева, Фиген Салиова, Ана И. Тамаќарова, Билјана Наунов, Севгин Абдиев, Сања Тодорова |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | **Марија И. Газепова,** Сенка Б. Ѓозева, Лина Тодоров, Тони Ангелов, Елена Божинова, Билјана Иванова, Герче Митев, Дарко Милентијевиќ |
| 4. Управување и раководење | **Јулија Свирков,** Соња Митева, Александар Чаракчиев, Мевљуда Асанова, Светлана Чапова |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето. По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина. Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на

седницата на Наставничкиот совет одржана на ———— година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/ резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>Училиштето ја оценува работата на наставниците со постеа на час, следење на реализацијата на вонаставните активности, водењето на педагошката документација и Е- дневникот. Следењето го вршат директорот и педагошката служба. Мал број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Мал број од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.<br>Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот .<br>Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br>Осамостојувањето и индивидуализацијата на учениците се дел од наставата. Во сите фази на наставниот час учениците имаат различен вид на активности кои се условени од активностите на наставникот, но и од природата на задачите што треба да ги извршува каде што ученикот најчесто врши анализа на работните задачи, прашува, бара објаснување, бележи, дополнува сознанија, црта, набљудува итн. |

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Учениците кои во себе имаат посебен афинитет или се надарени по одредени наставни предмети се усмеруваат од стана на наставникот кон вклучување во додатна настава и слободните ученички активности како и во реализација на проекти со што тие се здобиваат со широки сознанија за појавите и процесите во науката и секојдневниот живот.

Со користење на методите на истражување и експериментирање ги совладуваат и вештините со што учениците се стекнуваат со самодоверба при извршување на најразлични задачи. Овде не се насочуваме само на талентираните ученици, туку и на учениците кои имаат желба и стремеж за активно учество во слободните ученички активности.

Во системот на воспитно-образовната работа на училиштето, посебно место зазема и дополнителната настава. Оваа форма на работа се организира за одредна категорија на ученици кои од било кои причини заостануваат со знаење во редовната настава во споредба со своите соученици.

Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознаени со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците

Најголем дел од, задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план

Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот.

Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.

Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, но со оглед на резултатите не се доволно јасни и презентирани пред учениците. Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства и континуирано се прават хуманитарни акции за помош на истите
- Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат
- Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби

- Амбициозен наставен кадар
- Целосно и темелно изработени годишни, тематски и процесни планирања
- Комуникацијата и соработката меѓу наставниците, односно стручните активи и педагошко-психолошката служба, директорот, родителите и учениците е на високо ниво
- Вклученост на наставниците во изработка на проекти
- Голема мотивираност на наставниците за стручно усовршување
- Училиштето е опремено со компјутерска технологија
- Ажурирање на веб-страна на училиштето
- Подеднаков третман на сите ученици
- Постојано следење на успехот и поведението на учениците
- Соработка со родители
- Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците
- Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.
- Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците
- Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.
- На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.
- Најголем дел од Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.
- Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.
- Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување

**Слаби страни**

Мал број од наставниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.
Мал број од наставниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.
Мал број од учеиците сметаат дека добиваат јасни насоки од страна на наставниците во поглед на тоа што треба да учат за секоја оценка и притоа не се согласуваат дека секоја оценувањетоа е праведно.

Мал број од учениците се изјасниле дека на часовите слободно можат да се изјаснуваат.
Мал број од учениците сметаат дека се активно вклучени во наставата при поставување на прашања, работа во групи или дискусија .
Мал број од наставниците сметаат дека планот за воннаставни активности кои ги водат, го изготвуваат заедно со учениците
Мал број од учениците и родителите сметаат дека во училиштето има доволен избор на воннаставни активности и дека слободно по сопствен избор можат да се вклучат во истите. Исто така сметаат дека не се доволно вклучени во изготвувањето на планирањето на воннаставните активности
Мал број од родителите сметаат дека учениците се дел од активности кои се реализирани до ученици на друг наставен јазик
Мал број од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури
Мал број од родителите сметаат дека учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење енциклопедии, списанија, интернет.

**Приоритети**

Во делот со воннаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси;
Надминување на слабостите во делот на оценувањето ;
Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик ;
Засилување на соработката на ППС со наставниот кадар во поглед на изготвуањето на наставните планови и програми.

**Подрачје 2: Постигање на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето системски и континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди. Педагошко-психолошката служба после секое тримесечје изготвува извештаи од кои потоа се црпат информации за планирање на активности за подобрување на редовноста и постигањата на учениците(прилагодување на наставата согласно можностите на учениците, советувања со родители и ученици, отворени родителски средби, реализација на дополнителна и додатна настава итн).
Во последните две учебни години 2023/24 и 2024/25 училиштето не е било дел од екстерни тестирања. Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците и тоа соодветно се евидентира во педагошка документација.
Училиштето има формирано тимови за идентификација на учениците со тешкотии во учењето како и учениците со попреченост и соодветно изготвува програми.

Инклузивноста во нашето училиште е на задоволително ниво, има сензорна соба и во последните две учебни години е вклучено во проект „Инклузија на деца со посебни образовни потреби" што овозможи зајакнување на компетенциите на наставниците за работа со вакви ученици. Вкупно 14 ученици со посебни образовни потреби следат настава во нашето училиште, поголемиот дел од нив имаат МКФ и согласно закон доделено образовни асистенти.
Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка со вклучување во додатна настава, учество на конкурси и натпревари организирани од училиштето, општински, регионални и државни.
Родителите /старателите постојано се известуваат за постигнувањата на учениците преку редовните родителски средби, отворените родителски средби(направени 4 во последните две учебни години), е-дневникот, евидентните листови, ФБ и ВЕБ страна на училиштето. Тука ќе го нагласиме слабиот одѕив на родителите на родителските средби особено од турска националност, во просек 6 родители по паралелка, а просекот на ученици во паралелките кои учат на турски наставен јазик е 20, што значи дека 2/3 од родителите не покажуваат интерс за редовноста, успехот и поведението на сопственото дете.

**Силни страни**

Голема инклузивност- Училиштето има сензорна соба, дидактички материјали за работа со деца со ПОП, дел е од проект за инклузивност, подобрени се компетенциите на наставниците за работа со деца со посебни потреби.
Подобрување на резултатите од учество на државни натпревари, 2023/24 18 награди, 2024/25 32 награди.
Имаме доделено ромски образовен медијатор кој може да придонесе за подобрување на редовноста на учениците од ромска, а исто така и турска националност.
Намалување на изостаноците на ниво на училиште, 2023/24 просек 44, 2024/25 просек 32

**Слаби страни**

- Двосменското работење на училиштето негативно влијае на реализација на дополнителната настава особено во предметна бидејќи учениците имаат седми час, а исто така и наставниците, така што се оневозможува преклопување на едните со другите а тоа е предуслов за реализација. Исто така мал дел наставници доставиле докази за реализација на истата. Училиштето не врши анализа од ефектите на дополнителната настава;
- Учениците со посебни потреби често имаат потреба од логопедски услуги, а училиштето нема долготрајно решение за тоа;
- Педагошко психолошката служба не користи инструменти за идентификација на надарени и талентирани ученици;
- Голем број на неоправдани изостаноци кај турските ученици и повторување на година.

- Неприсуство на родителите на родителските средби во турска настава, просек 6 родители од 20.

**Приоритети**

Поголема реализација на дополнителна настава;
Намалување на неоправданите изостаноци кај учениците од ромска и турска националност.
Долгорочно решение за користење на логопедски услуги.
Зголемување на бројот на присутни родители на родителските средби во паралелките со настава на турски јазик.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има стекнато имиџ на добро училиште, препознатливо по квалитетот на работењето, кое ужива углед во пошироката заедница и кое се стреми во остварување на својата мисија и визија. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Преку користење на современи методи, форми и техники, наставниот кадар им овозможува на учениците да го постигнат максимумот во развојот на својата личност.Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер и нивните успеси се промовираат во медиуми и културни манифестации.

Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анлизира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците ги применуваат сите стандарди при оценување на учениците, почитувајќи го и кодексот за оценување на постигањата на учениците. Талентираните и надарените ученици редовно се испраќаат да учествуваат на натпревари и постигнуваат високи резултати. Нашето училиште изготвува посебни наставни програми и планови за учениците со посебни образовни потреби. Заради подобрување на постигањата на учениците редовно се изведува дополнителна и додатана настава и се следи напредокот од еден во друг образовен циклус.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години

Нашето училиштето има усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители) , кој е изложен на видно место заедно со куќниот ред.

Училиштето се грижи за здравјето на учениците и за нивната безбедност, ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло , ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

**Силни страни**

- Меѓусебното почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;
- Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;
- Соработката со родителите е на завидно ниво;
- Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикулурализмот ;
- Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите.
- Училишниот простор и инфраструктура се безбедни за изведување на наставата. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди;
- Во училиштето се негува хуманоста и солидарната помош кон ученици од социјално загрозени семејства.
- Училиштето соработува со: МОН, БРО, ДИК, МВР, медиуми, други училишта итн.
- Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик- наставник-психолог- директор-и останатите вработени
- Постои меѓусебна соработка со локалната самоуправа при реализирање на разни културни, спортски и други активности;
- Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, преку пристапна рампа;

- Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош;
- Се води грижа за усмерување на учениците за правилен избор на понатамошно образование – професионален развој на учениците.
- Талентираните и надарените ученици учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати.
- Училиштето соработува со родителите и им дава повратни информации за постигањата и дисциплината на нивните деца.
- Во текот на целата учебна година нашите ученици се вклучени во заеднички проекти,наставни и воннаставни активности(културни и спортски) во соработка со локалната заедница.Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.
- Локалната зедница преку разни донации придонесува во подобрување на инфраструктурата на училиштето.
- Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини,предавања,работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени.
- Постои соработка со деловната заедница и невладиниот сектор.

**Слаби страни**

- Отежнатиот пристап на учениците со физички хендикеп за кабинетите на третиот спрат.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Продложување на соработката со локалната заедница со акцент на културните активности
- Редовно информирање на сите вработени во училиштето за одлуките донесени на Советот на родители и Училишниот одбор
- Спроведување на активности поврзани со проекти предвидени од МОН

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Управувањето со ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Радовиш е организирано, структуирано и усогласено со сите релевантни законски акти и нормативи. Статутот и правилниците на училиштето овозможуваат јасна распределба на надлежности и задачи помеѓу сите вклучени страни, обезбедувајќи функционална и ефективна организација.
Раководниот кадар ја спроведува својата работа одговорно, транспарентно и инклузивно. Спроведуваме редовна евалуација на перформансите на раководниот тим, додека професионалниот развој на истиот се поттикнува преку обуки и консултации. Внатрешната комуникација е систематизирана преку интерни протоколи и одлуки кои ја олеснуваат соработката помеѓу тимовите.

Училиштето има развиен и ефикасен систем за управување со човечки и материјални ресурси. Финансиското работење се води транспарентно, со редовна ревизија, што овозможува оптимално користење на буџетските средства за подобрување на наставниот процес, инфраструктурата и опремата.
Професионалниот развој на наставниот кадар е висок приоритет. Се реализираат обуки и семинари согласно годишните планови, а процесот на оценување на наставниците е транспарентен, со цел унапредување на квалитетот на наставата.
Континуирано се следи напредокот на учениците преку систематска евалуација на наставните активности. Повратните информации од учениците и родителите покажуваат високо ниво на задоволство од квалитетот на наставата, пристапот на наставниците и безбедноста во училиштето.
Политиките на училиштето се креираат на демократски начин, со активно учество на Советот на родители, училишниот одбор и други заинтересирани страни. Развојното планирање е долгорочно и резултатите покажуваат постојано унапредување во клучните образовни и управувачки области.

**Силни страни**

- Јасна структура на организацијата и дефинирани одговорности.
- Долгорочна визија и ефективни стратегиски планови.
- Континуирано вложување во професионалниот развој на наставниците и раководниот кадар.
- Транспарентно и одговорно финансиско управување.
- Систематска евалуација на наставниот процес и напредокот на учениците.
- Позитивна клима во училиштето – учениците и родителите изразуваат доверба и задоволство.
- Активно вклучување на сите засегнати страни во донесувањето одлуки.
- Безбедна и поддржувачка средина за учење.
- Организација на активности кои ги стимулираат интересите и социјалниот развој на учениците.
- Грижа за добробитот и академскиот развој на секој ученик.

**Слаби страни**

- Ограничени материјални ресурси и опрема за наставниот процес.
- Потреба од подобрување на комуникацијата со учениците во процесите на носење одлуки.
- Неопходност од појасно информирање за политиките и правилата на училиштето до сите страни.

**Приоритети**

- Подобрување на инфраструктурата и техничката опременост на училиштето.

| |
|---|
| - Поттикнување на активно учество на учениците во донесувањето одлуки.<br>- Развивање на комуникациски канали за подобра информираност на учениците и родителите. |

Комисија за спроведување на СЕУ
Директор- Гордана Здравкоска
Зорка Х.Трајкова
Татјана Митева
Марија И. Газепова
Јулија Свирков